Врз основа на член 36 и член 49 в.в член 263 од Законот за извршување (Службен весник на РМ бр.72 од 12.04.2016 година), Собранието на Комората за извршители на Република Македонија, на седница на вонредното Собрание одржана во Струга на ден 30.10.2016 година дополнет и изменет на седница на вонредно Собрание одржана на 21.05.2017 година во Маврово донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-492/2
22.05 2017 год.
СКОПЈЕ

# ПРАВИЛНИК

## за формата и содржината на таблата за означување на службената просторија на извршителот, печат, штембил, пломба, потпис, дигитален сертификат на извршителот и заменикот и начин на нивно користење

1. Форма и содржина на таблата за означување на службената просторија на извршителот

### Член 1

На зградата во која се наоѓа канцеларијата на извршителот и на влезот во канцеларијата мора да биде истакната табла со име и презиме на извршителот.

Таблата од став 1 на овој член е со правоаголен облик, димензии 60х40 и содржи: грб на Република Македонија, назив „Република Македонија", ознака „Извршител", име и презиме на извршителот и неговото службено седиште напишано на македонски јазик, со големи букви во жолта боја на црна основа.

Извршителот може да постави дополнителна табла со натпис „Извршител" и патоказ на својата канцеларија, во форма на стрелка или правоаголна форма со димензии до 25 см во ширина и 100 см во должина.

Патоказите се поставуваат на оддалеченост до 300 метри од канцеларијата на извршителот.

2.Форма и содржина на службениот печат, штембил и пломба

### Член 2

Печат на извршителот има тркалезна форма и го содржи грбот на Република Македонија, називот Република Македонија, ознака извршител, личното име на извршителот и место каде што му е седиштето.

Штембилот на извршителот има правоаголна форма и го содржи грбот на Република Македонија, називот Република Македонија, ознака извршител, личното име на извршителот и место каде што му е седиштето.

Пломбата на извршителот е изработен од метал и има тркалезна форма со пречник од 35 мм и го содржи грбот на Република Македонија, називот Република Македонија, ознака извршител, личното име на извршителот и место каде што му е седиштето.

Извршителот врши пломбирање (запечатување) на подвижни предмети и недвижности заради оневозможување на нивната употреба или трошење со ставање жиг на извршителот.

### Член 3

Службениот печат се втиснува со темно-сино мастило.

Со службениот печат ракуваат само извршителот и лицата што се овластени во неговата канцеларија.

Службениот печат надвор од работното време, извршителот го чува заклучен во извршителската канцеларија.

Член 4

Печатот на заменикот на извршителот е во правоаголна форма и го содржи името и презимето на заменикот со назнака кој извршител го заменува и подрачјето на судот за кое е именуван извршителот.

Заменикот на извршителот е должен покрај печатот на извршителот кого го заменува да го стави и својот печат и потпис на актите што ги донесува во времето додека го заменува извршителот.

Член 5

За потребите на извршителот при неговото работење се користат следните печати и штембили:

1. Печат на извршителот во тркалезна форма ;
2. Штембил за прием на писмено- приемен штембил со димензии 38х38мм, во кој треба да се вметне И.бр. за предметот, времето и датата кога документот е примен;
3. Штембил на извршителот - во кој треба да се вметне деловоден број и датата;
4. Архивски приемен штембил со димензии 60х25 мм;
5. Роковен штембил со димензии 40х20 мм;
6. Штембил – Архивски примерок со димензии 60х15 мм;
7. Штембил за потврда за извршност со следната содржина:

„ Извршител ---------- од ---------- ОДЛУКАТА Е ИЗВРШНА на ден -.-.------ година "
Овој штембил е со димензии 60х 20 мм.

8. „Штембил за потврда за правосилност со следната содржина:

„ Извршител----------- од --------- ОДЛУКАТА Е ПРАВОСИЛНА на ден ----.----.-------- година."
Овој штембил е со димензии 60х20 мм.

9. Штембил за намиреност со следната содржина:

„Извршител ------ од ------- потврдува дека извршната исправа е намирена во целост / намирена во дел, и тоа:
Целосно
Делумно, и тоа----------- денари."
Овој штембил е со димензии 70 х 40 мм.

Обрасците на овој член се дадени во ПРИЛОГ 1 кон овој Правилник кој е составен дел на овој правилник.

3. Одобрување, заверување и депонирање на потпис, печат, штембил и пломба

Член 6

Отпечатоците од печатот, штембилот и пломбата ги одобрува и заверува Претседателот на Комората, а истите се депонираат во судот на чие подрачје е именуван извршителот и Комората.

Печатот, штембилот и пломбата по престанок на должноста извршител се депонираат во Комората. Во случај на оштетување или потрошување, потрошените односно оштетените

печати се депонираат во Комората заради уништување. Кога се издаваат нови печати и штембили тие се означуваат со редни броеви.

Член 7

По давањето на свечената изјава извршителот, односно заменикот депонира потпис, отисок од печат, штембил пломба во Основниот суд, за чие подрачје тој е именуван и во Комората.

Отисоците од печатот, штембилот и пломбата ги одобрува и заверува претседателот на Комората, за што составува записник.

Записникот од ст.2 на овој член се потпишува од страна на претседателот на комората записничарот и извршителот, односно заменик на извршителот.

Врз основа на записникот за одобрување и заверување на потпис, печат, штембил и пломба, истите се депонираат во судот на чие подрачје е именуван извршителот односно заменикот на извршителот.

Препис од записникот на судот за депонирање му се предава на извршителот, односно заменик на извршителот и на Комората на извршители на РМ.

Член 8

Печатот, штембилот и пломбата по престанок на должноста извршител се депонираат во Комората.

Во случај на оштетување или потрошување, потрошените односно уништените печати се депонираат во Комората заради уништување.

Кога се издаваат нови печати и штембили тие се означуваат со редни броеви.

4. Потпис, дигитален сертификат и начин на нивно користење

Член 9

Потписот на извршителот, односно заменикот на извршител е своерачниот потпис на извршителот, односно заменикот на извршител и се нанесува со пенкало во сина боја на местото каде е заведено името и презимето на извршителот, односно заменикот на извршител.

Член 10

Извршителот и заменикот на извршител се должни да обезбедат квалификуван сертификат издаден од овластен издавач на сертификати ( токен за електронски потпис).
Електронски потпис подразбира низа на податоци во електронски облик кои се содржани или се логично поврзани со други податоци во електронски облик и е наменет за утврдување на автентичност на податоците и за утврдување на идентитетот на потписникот
Општо прифатлив електронски потпис со квалификуван сертификат даден во врска со електронски податоци е изедначен со своерачен потпис и има еднаква важност и сила на доказ, како и своерачниот потпис даден во врска со хартиени документи согласно Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис.

Квалификуван сертификат е сертификат кој содржи име или назив и држава на живеалиштето, односно седиштето на издавачот; име или назив, односно псевдоним на носителот или назив, односно псевдоним на информатичкиот систем со назнака на носителот; податоци за проверка на електронскиот потпис кои се поврзани со податоците за електронско потпишување; почеток и крај на важењето на сертификатот; идентификационен

број на сертификатот; општо прифатениот електронски потпис на издавачот и евентуалните ограничувања за употреба на сертификатот.

Сертификатот се инсталира на компјутер. Тој исто така може да се зачува на локална мрежа која може да се користи од повеќе компјутери, но може и да се користи преку надворешен електронски медиум (пр. токен). Се прифаќа исклучиво квалификувани дигитални сертификати издадени од овластените издавачи.

Министерството за финасии на РМ е надлежно да назначи овластени издавачи на дигитални сертификати.

Квалификуваниот сертификат се користи за електронско потпишување на акти изготвени во канцеларијата на извршителот, како и сите електронски трансакции поврзани со платниот промет.

Член 11

Овој правилник влегува во рок од 8 дена од денот на негова објава на веб сајт на Комората на извршители на РМ , а се применува од денот на почеток на примена на Законот за извршување ( „Службен весник на РМ" бр. 72 од 12.04.2016 година и број 142/2016)

**Комора на извршители на**
**Република Македонија**
Претседател
Зоран Петрески